# Прашања од општини по однос на Прviот повик за финансирање на техничка докуметација (втор дел)

1. Дали е прифатливо консултанска куќа или невладина организација од странство (на пр., Шведска) да биде партнер на општина во врска со овој повик ?

**Одговор**: Надворешни експерти може да бидат вклучени како поддршка на барателите на грант во пополнувањето на апликацијата. Во оваа фаза евентуалното вакво вклучување би било на трошок на самите баратели на грант.

По добивањето на грантот, доколку избраниот добитник на грант има потреба од меѓународна стручна помош во изработка на техничката документација, тогаш истото ќе може да се обезбеди во рамките на договорните услуги со избраната фирма-проектант (не во постапка на директно ангажирање на меѓународната стручна помош). За таа цел, соодветни барања за меѓународна стручна помош ќе бидат вклучени во соодветната Проектна задача која добитникот на грант би ја искористил за спроведување на тендерската постапка.

2. Доколку се аплицира за проектна документација за изградба на линиски инфраструктурни проекти мора да има техничка документација (затоа се аплицира) за да имаме чисти имотно правни прашања (Нивното решавање би било по проектирањето). Дали може да се приложат изјави од сопствениците дека нема да прават проблеми?

**Одговор**: Иако по законот за градба и локалната пракса имотно – правните односи (пр. експропријација) вообичаено се решаваат во текот на градба или по изведбата на градежните работи, но пред примопредавањето на објектите, препорака е процесот (согласно Законот за сопственост и други стварни права и Законот за Експропријација) да отпочне истовремено со подготовка на Основниот(ите) проект(и), а веднаш по добивањето позитивен Извештај од извршена ревизија на Урбанистистичкиот проект, односно „Геодетски елаборат со нумерички податоци за недвижноста(ите)".

Затоа, покрај изјавите/согласностите од сопствениците на недвижен имот, потребна е изјава и од градоначалникот на општината, дека ќе ги подготви сите потребни документи според член 26 од Законот за експропријација и поднесе до органот за експропријација, пред издавање на одобрениото за градба.

3. Дали може да се аплицира за техничка документација за различни села или различни градски населби?

**Одговор:** Да. Во рамките на една апликација може да вклучат проекти на повеќе локации доколку сите одделни проекти се во согласност со категориите/типовите на проекти од Табела 2 и доколку трошокот за проектирањето ќе биде во рамките на достапниот буџет.

4. Дали добитниците на грант ќе имаат обврска да плаќаат ДДВ на добиените средства?

**Одговор**: Со оглед на тоа што станува збор за донаторски средства, истите се ослободени од ДДВ. УНДП ќе потпише договори со општините чии проекти ќе бидат одобрени. Врз основа на договорите, општините ќе може соодветно да ги регистрираат проектите и ослободат од плаќање на ДДВ.

5. Дали во рамките на проектот може да се аплицира со проекти за гасоводи, топловоди и друга слична инфраструктура?

**Одговор**: Ваков тип на проекти не се релевантни по однос на овој повик и нема да се прифаќаат.